Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 447/2
12. 12. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 40-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 29.11.2024 година, со почеток во 14.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 39-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Извештај (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- септември 2024 година- трет квартал.
3. Предлог- Програма за работа на Советот на општина Градско за 2025 година.
4. Предлог- Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2025 година.
5. Предлог- Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.
6. Предлог- Програма за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година
7. Предлог- Програма за одржување на јавната чистота во општина Градско за 2025 година.
8. Предлог- Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.
9. Предлог- Оперативен план за заштита од снежни намети на општина Градско за 2025 година.
10. Предлог- Одлука за одредување на приоритетна инвестиција за под-проект.
11. Предлог- Одлука за избор на талентиран ученик кој добива стипендија за учебната 2024/2025 година.
12. Предлог- Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -30.09.2024 година на ЈКП „Клепа" Градско - трет квартал.
13. Предлог- Одлука за усвојување на Финансискиот план на ЈКП „Клепа" Градско за 2025 година.
14. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Финансиски план за 2024 и 2025 година за ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА.
15. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.
16. Предлог- Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2024 година.
17. Предлог- Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година.
18. Разгледувања на барања и поднесоци.
19. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше Градоначалникот Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со една точка:

1.Предлог- Одлука за именување на член на Управен одбор на ЈКП„Клепа" Градско во општина Градско.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 40-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 39-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 39-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 39-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 39-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Извештај (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- септември 2024 година- трет квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската адмнистрација. Заклучно со 30.09.2024 година приходите се 69% од кои тековно оперативни приходи се со 71% додека капиталните приходи ни се со 57.60%. Во однос на расходите реализацијата е 63,24% од кои тековните оперативни расходи ни се со 66,29%, а капиталните расходи учествуваат со 54,29%. Овде не е вклучено плаќањето за осветлувањето во село Виничани, очекувам дека до крајот на оваа фискална година приходите да имаат реализација од над 80% што би значело добро планирање.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Извештајот (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари- септември 2024 година- трет квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско го усвои Извештајот (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-септември 2024 година- трет квартал.

*3.Програма за работа на Советот на општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа на Советот на општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа на Советот на општина Градско за 2025 година.

*4.Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2025 година.

*5.Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.

*6.Програма за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за активностите на Општина Градско во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година.

*7.Програма за одржување на јавната чистота во општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за одржување на јавната чистота во општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за одржување на јавната чистота во општина Градско за 2025 година.

*8.Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.

*9.Оперативен план за заштита од снежни намети на општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Оперативниот план за заштита од снежни намети на општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Оперативниот план за заштита од снежни намети на општина Градско за 2025 година.

*10.Одлука за одредување на приоритетна инвестиција за под-проект.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде градоначалникот на општина Градско, Киро Нацков. Станува зборза улица 8 Септември за дел 1 и дел 3 од почетокот на Капетанови куќи. За делот од кај Бошко Петрушев до Браховиќ веќе е распишан тендер тоа е за средствата добиени од Владат, во понеделник е наддавањето и ќе се започне со изведба на 620м. Остатокот за дел 1 и дел 3 ќе се реконструираат со срества од Светска банка. Вторите средства од Владата ќе бидат наменети за реализирање на едносменско работење на училиштето со доградба на училници.

Боне Спасовски- во врска со улицата дали само ќе се реконструира или се планира и за атмосферска канализација и смена на линиите за техолошка вода, да не дојде до ситуација да се сече асфалтот од кога ќе се направи.

Киро Нацков- во право си, таков проблем имавме на улица Илинденска. Имам намера да ги известиме жителите доколку некој има потреба да ја смени линијататоа да го направи пред да се асфалтира.

Сеат Сулковиќ- има ли рок до кога да биде завршена, зимски услови се, да не дојдиме до ситуација да се раскопа па да неможе да се работи.

Киро Нацков- поради тоа треба брзо да се работи.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за одредување на приоритетна инвестиција за под-проект.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за одредување на приоритетна инвестиција за под-проект.

*11.Одлука за избор на талентиран ученик кој добива стипендија за учебната 2024/2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за избор на талентиран ученик кој добива стипендија за учебната 2024/2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за избор на талентиран ученик кој добива стипендија за учебната 2024/2025 година.

*12.Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 - 30.09.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - трет квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Катерина Минова сметководител на ЈКП Клепа Градско од сметководствено биро Правеко. За разлика од предходната година приходите од продажба се 7.241.000,00 денари. Вкупните трошоци се 6.311.000,00 денари. Чиста добивка има во износ од 1.376.000,00 денари. Тековните обврски се 835.000,00 денари. Трошоците се за вработени, материјални трошоци, останати оперативни трошоци. Заостанати долгови по даноци, придонеси, плати нема, останува само долгот кон ЕВН за струјата што се плаќа за Комуналец. Побарувањата оваа година се намалени од лани.

Јованче Стојанов- сеха на ЈКП Клепа ли се сите броила.

Ванчо Цветков- да, сите се на ЈКП Клепа.

Бидејќи никој дриг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -30.09.2024 година на ЈКП „Клепа" Градско - трет квартал.

Од присутните 9 советници, со 6 гласа ЗА и 3 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 - 30.09.2024 година на ЈКП „Клепа" Градско - трет квартал.

*13.Одлука за усвојување на Финансискиот план на ЈКП „Клепа" Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорот на ЈКП Клепа Градско, Ванчо Цветков. Финансискиот план не е поминат на Управен одбор од причини што истиот на е комплетен. На оваа седница ставена е како дополнителна точка Одлука за именување на член на Управен одбор на ЈКП„Клепа" Градско во општина Градско, поради тоа предлагам доколку се согласувате оваа точка да ја оставиме за наредна седница.

По иозлагањето на директорот на ЈКП Клепа Градско советниците едногласно одлучија точката број 13 да се тргне од дневен ред и да се стави на наредна седница.

*14.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Финансиски план за 2024 и 2025 година за ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде градоначалникот, Киро Нацков кој истакна дека Стационарот Шепа е во застој од административен карактер. Сите девет општини треба да бидат единствени во носењето на одлуките, но не секогаш сите општини имаат седници на совет во ист период. Стационарот е направен но не е официјално пуштен. Во моментов имаат избрано само одговорно лице.

Јованче Стојанов- сите ли општини учиствуваат со иста сума на средства.

Киро Нацков- не, сумата е определена по број на жители.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Финансиски план за 2024 и 2025 година за ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Финансиски план за 2024 и 2025 година за ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА.

*15.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.

*16.Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2024 година.

*17.Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година.

*18.Одлука за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Клепа" Градско во општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Клепа" Градско во општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Клепа" Градско во општина Градско.

19.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Боне Спасовски од село Виничани, општина Градско за доделување на финансиски средства по повод верскиот празник „Константин и Елена" согласно Програмата донесена од страна на Советот на општината.

По разгледување на барањето советниците со 8 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

б) Барање од Организација на жени Велес за доделување на финансиски средства за организирање на трибина по повод розов октомври за рано откривање на рак на дојка.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

в) Барање од Пчеларник Дукови кој се наоѓа во село Подлес да се направи патот од селото до пчеларникот во должина од 400м.

По разгледување на барањето советниците со 8 гласа ПРОТИВ И 1 ВОЗДРЖАН го одбија барањето.

г) Барање од Институт за истражување и анализа на политики- Ромалитико да бидат земени во предвид во Годишните програми и Предлог буџетот на општината за 2025 година приоритетите на локалната ромска заедница.

По разгледување на барањето од страна на советниците беше констатирано дека од страна на општината во населба Стопанство изграден е детски парк, а доколку во иднина се обезбедат финансиски средства општината ќе има во предвид изградба на спортско-рекреативно игралиште. Во однос на доделување на награда за најдобар ученик Ром, општина Градско секоја година објавува Конкурс за стипендирање на талентирани учиници и студенти на кој може да се пријават сите кои ги исполнуваат условите без разлика на националноста. Општина Градско секоја година обезбедува средства за денот на Ромите 8-ми Април, а во рамки на можностите доколку во иднина се обезбедат финансиски средства , денот на ромскиот јазик 5-ти Ноември и денот на сеќавање на Холокаустот врз Ромите 2 Август ќе бидат вметнато во Годишните програми со нивни измени и дополнувања.

*20.Разно*

Боне Спасовски- во 2022 година општината има добиено согласност дека црквата во село Свеќани е под заштита на културно наследство на споменициите.

Киро Нацков- да, добивме известување, секоја година доставуваат допис до сите општини дали на територија на општината имаме таков вид на објект. Пуштивме и добивме позитивен одговор

Боне Спасовски- кога е веќе под заштита би Ве замолил со Министерство за култура да се направи нешто, да се помогне да се заштити поради тоа што ние сами не смееме да работиме.

Мирјана Ѓорѓева- ќе го поканиме министерот да дојде.

Киро Нацков- од наша страна ќе биде поканет.

Во врска со денот на општината сакам да размислете за награди. Моја идеја е да се наградат лицата кои беа присутни кога се гаснеше пожарот во Подлес и Чичево ( од Велес, Крива Паланка, ЕБР, Полициска станица Градско, ЈКП Клепа Градско и физички лица кои помогнаа на некој начин). Благодарница за СТОЛ М АБЦ вложува финансиски средства кои не се мали, а ќе има и вработувања. Пред денот на општината ќе има седница, да се размислува за тоа.

Боне Спасовски- и на предходната седница предложив да се наместат шахти на линијата за водоснабдување да се користат во случај на пожар.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 40-та седница во 15:30 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева